## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010) и член 68 став 1 точка 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за управувањето со ликвидносниот ризик на банките**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2012)**

I. Во Одлуката за управувањето со ликвидносниот ризик на банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 126/2011), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во главата III точка 36 потточка а), алинејата 5 се менува и гласи:

„- кредитите, каматите, провизиите и другите побарувања (со исклучок на побарувањата врз основа на хартии од вредност) од централните влади, централните банки, домашните банки, странските банки со кредитен рејтинг од најмалку БББ- (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс") или Баа3 (согласно со рејтингот на „Мудис"), небанкарските финансиски институции и нефинансиските лица, коишто претставуваат изложености на кредитен ризик класифицирани во категориите на ризик „А" и „Б" и коишто достасуваат во следните 30 дена. Во оваа позиција не се вклучуваат изложеностите на кредитен ризик кон небанкарските финансиски институции и нефинансиските лица класифицирани во категориите на ризик „А" и „Б", чијшто рок на достасување е продолжен два или повеќе пати.;".

2. Во главата III точка 37 потточка а), алинејата 5 се менува и гласи:

„- кредитите, каматите, провизиите и другите побарувања (со исклучок на побарувањата врз основа на хартии од вредност) од централните влади, централните банки, домашните банки, странските банки со кредитен рејтинг од најмалку БББ- (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс") или Баа3 (согласно со рејтингот на „Мудис"), небанкарските финансиски институции и нефинансиските лица, коишто претставуваат изложености на кредитен ризик класифицирани во категориите на ризик „А" и „Б" и коишто достасуваат во следните 180 дена. Во оваа позиција не се вклучуваат изложеностите на кредитен ризик кон небанкарските финансиски институции и нефинансиските лица класифицирани во категориите на ризик „А" и „Б", чијшто рок на достасување е продолжен два или повеќе пати.;".

II. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе почне да се применува од 01.03.2012 година.

О бр. 02-15/I-4/2012
02.02.2012 година
Скопје

Гувернер
и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
Димитар Богов